ФАКОМ АД - Скопје
бул. Александар Македонски бб,1000 Скопје
Република Македонија
Поштенски фах: 439

Друштво за проектирање, производство и монтажа на челични конструкции и опрема, увоз-извоз ФАКОМ АД
02-05-2019 год
бр. 11-03/2861
СКОПЈЕ

QUALITY MANAGEMENT SYSTEM
CERTIFIED BY DNV
ISO 9001:2000

Врз основа на член 20 од Статутот на ФАКОМ, АД-Скопје, а во врска со член 384, член 387 и член 388 од Законот за трговските друштва, Управниот Одбор на ФАКОМ, АД-Скопје објавува :

**Ј А В Е Н  П О В И К**

**за одржување Годишно Собрание на акционерите на ФАКОМ, АД-Скопје**

Седницата на Собранието на ФАКОМ, АД-Скопје ќе се одржи на 05.06.2019 година (среда) со почеток во 13,00 часот во просториите на друштвото бул. Александар Македонски бр.18, Скопје.

Собранието на седницата ќе работи по следниот:

**Д н е в е н  р е д**

**I. Процедурален дел**

1. Отворање на седницата на Собранието;
2. Избор на претседавач на Собрание;
3. Избор на бројачи на гласови.
4. Записникот ќе го води нотар.

**II. Работен ред**

5. Разгледување и усвојување на записник од претходна седница на Собрание на акционери, со Предлог Одлука,
6. Одобрување и усвојување на Годишна сметка, финансиските извештаи и годишниот извештај за работата на Друштвото за деловната 2018 година, со Предлог Одлука,
7. Разгледување и усвојување на Извештајот за извршената ревизија на годишната сметка и финансиските извештаи, за 2018 година, со Предлог Одлука,
8. Разгледување и усвојување на Извештајот на Службата за внатрешна ревизија за 2018 година, со Предлог Одлука,
9. Донесување на Одлука за употреба на нето добивката за финансиската 2018 година, со Предлог Одлука;
10. Донесување на Одлука за распределба на нераспределената добивка од 2008 година за исплата на дивиденда и утврдување на дивиденден календар, со Предлог Одлука;
11. Донесување на Одлука за одобрување на работата на членовите на Управниот одбор на Друштвото, со Предлог Одлука,
12. Донесување на Одлука за одобрување на работата на членовите на Надзорниот одбор на Друштвото, со Предлог Одлука;
13. Донесување на Одлука за констатирање престанок на функцијата член на Надзорниот одбор на Факом, АД – Скопје,
14. Одлука за изменување на Одлуката С.О. бр. 18 од 15.06.2016 година.
15. Одлука за изменување на Статутот на ФАКОМ, АД - Скопје.
16. Донесување на Одлука за назначување на овластен ревизор за ревизија на годишната сметка и финансиските извештаи на Друштвото за 2019 година, со Предлог Одлука.

Даночен број:МК 4030982260338 Жиро-сметка: 300-0000001140-11 Банка: Комерцијална банка а.д. Скопје
email: info@fakom.com.mk www.fakom.com.mk Контакт телефони: 02-5513-125 02-3173-562 Факс: 02-3173-564

Право на учество на Собранието имаат акционерите и полномошниците на акционерите.

Акционери кои поединечно или заедно поседуваат 5% од вкупниот број на акции со право на глас можат да предложат дополнување на дневниот ред со образложено барање за вклучување на нови точки во рок од осум дена од денот на објавувањето на јавниов повик по електронски пат на e-mail адресата на друштвото info@fakom.com.mk.

Собранието ќе одлучува само за прашањата кои се уредно ставени на дневниот ред, согласно Статутот и Законот за трговски друштва.

На Собранието акционерите на Друштвото може да учествуваат лично или да овластат полномошник да ги застапува со полномошно.

Акционерот треба веднаш писмено да го извести Друштвото за секое полномошно дадено во писмена форма. Акционер кој нема да го извести Друштвото за даденото полномошно ќе се смета дека не го дал полномошното.

Секој акционер или полномошник должен е своето учество да го пријави најдоцна пред почетокот на седницата на закажаното Собрание. Пријавите да се достават до Факом, АД – Скопје.

Материјалите за Собранието на акционери на Факом, АД – Скопје, согласно Законот за трговски друштва, им се достапни на акционерите на увид од денот на објавувањето на овој повик, секој работен ден од 12-14 часот во просториите на Факом, АД – Скопје, бул. Александар Македонски бр. 18 и на официјалната интернет страница на друштвото www.fakom.com.mk.

**ФАКОМ, АД - Скопје**

**УПРАВЕН ОДБОР**